РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 09.09.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 5550/1 | 0 | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИКА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување на Законот на шумите, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Миљчи Станковиќ
Зоранчо Јовенчев
Валентина Маргевска

Предлагачи: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

ЗА  ИЗМЕНУВАЊЕ  НА ЗАКОНОТ ЗА ШУМИТЕ,

ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, септември, 2026 година

## В О В Е Д

### I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за шумите се уредуваат планирањето, управувањето, стопанисувањето, одгледувањето, заштитата, користењето и чувањето на шумите како природно богатство и добро од општ интерес за Републиката, кое ужива посебна заштита, како и шумското земјиште, остварувањето на општокорисните функции на шумите, правата и обврските при користењето на шумите, финансирањето, како и други прашања од значење за шумите и шумското земјиште, согласно принципите на биолошка, економска, социјална и еколошка прифатливост.

Согласно со постојните одредби од законот со кој се уредуваат условите за кариерно унапредување на работниците во шумската полиција, еден од условите за унапредување е работникот да биде оценет со оценка „особено се истакнува“ или „се истакнува“.Ваквата законска формулација не ги опфаќа случаите во кои, согласно со овој закон, оценување не се спроведува, поради што условот за поседување на соодветна оценка може да доведе до нееднаква примена на одредбата во постапката за кариерно унапредување. Поради тоа, работниците во шумската полиција,за кои не било спроведено оценување согласно со закон, иако ги исполнуваат сите останати законски услови за кариерно унапредување, можат да бидат доведени во понеповолна положба во однос на другите вработени.

Со предложеното изменување се прецизира дека условот работникот да биде оценет со оценка „особено се истакнува“ или „се истакнува“ се применува само доколку согласно со овој закон било спроведено оценување. На тој начин се отстранува правната празнина во примената на одредбата, се обезбедува еднаков пристап при остварувањето на правото на кариерно унапредување и се овозможува условите за унапредување да се применуваат во согласност со законски уредените случаи во кои се врши, односно не се врши оценување.

### II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со предложената измена на членот 82-м став (3) алинеја 3 од Законот за шумите се врши доуредување на условите за унапредување на работниците во шумската полиција, со цел воспоставување јасни, прецизни и меѓусебно усогласени критериуми за кариерно напредување односно за преминување од пониско на повисоко работно место.

### III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување на Законот за шумите не предизвикува дополнителни финансиски последици врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлог на законот не предизвикува материјални обврски за други лица.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со оглед на тоа што не се работи за обемен и сложен закон, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, се предлага по овој Предлог на закон Собранието да расправа по скратена постапка.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ШУМИТЕ

Член 1

Во Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија“ број 64/2009, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16, 39/16, 147/17, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 274/22, 255/24, 59/25, 58/26 и 134/26), во член 82-м став (3) во алинеата 3 се менува и гласи:

„- бил оценет со оценка “особено се истакнува“ или “се истакнува“ под услови утврдени со овој закон, доколку било спроведено оценување,”.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

### I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлог на законот за изменување на Законот за шумите содржи два члена .

Со членот 1 од Предлогот на законот се врши изменување на алинејата 3 од членот 82-м став (3) од Законот за шумите, со цел прецизирање на условите за кариерно унапредување на работниците во шумската полиција. Со предложената измена се утврдува дека условот работникот да биде оценет со оценка „особено се истакнува“ или „се истакнува“ се применува само во случаите кога е спроведено оценување согласно со овој закон. На тој начин се обезбедува работниците во шумската полиција кои не биле оценувани во случаите кога, согласно со Законот за шумите, оценување не се спроведува, а ги исполнуваат останатите законски услови за кариерно унапредување, да не бидат ставени во понеповолна положба при остварувањето на правото на унапредување.

Со членот 2 се уредува влегувањето во сила на законот.

### II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложената одредба е меѓусебно поврзана со одредбите од Законот за шумите и како таква прави правна целина со постојниот закон.

### III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложеното законско решение ќе се обезбеди појасна и доследна примена на одредбите од Законот за шумите што се однесуваат на кариерното унапредување на работниците во шумската полиција, со што ќе се овозможи еднаков пристап на вработените при исполнувањето на условите за унапредување и остварувањето на ова законско право.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБАТА
ОД ЗАКОНОТ ЗА ШУМИТЕ ШТО СЕ МЕНУВААТ

Унапредување на работниците

Член 82-м

(1) Постапката на унапредување на работно место во повисоко ниво има за цел да им овозможи на работниците во шумската полиција кариерно напредување, односно преминување од пониски на повисоки работни места.

(2) Унапредувањето се врши во транспарентна постапка, со објавување на интерен оглас, врз основа на професионалните квалитети и квалификации на работникот, неговите работни способности, завршените обуки во текот на работниот однос и начинот на извршување на работните обврски, независно од полот, расата, бојата на кожата, политичкото и верското уверување.

(3) Работник може да биде унапреден доколку ги исполнува следниве услови:

- работното место на кое се унапредува е слободно,
- во целост ги исполнува условите утврдени во актот за систематизација на работните места за работното место на кое се врши унапредувањето,
- бил оценет со оцеки “особено се истакнува“ или “се истакнува“ под услови утврдени со овој закон,
- е распореден на работно место непосредно пониско од работното место на кое се унапредува,
- поминала најмалку една година од неговото последно унапредување и
- во последната година не бил казнуван поради кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски утврдени со закон, Колективен договор на Министерството и договор за вработување.